РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК
ГАЛИЧИЦА
Бр. 04-465/10
12.08 2026 год
Охрид

Врз основа на член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/20, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник во Јавната установа Национален парк Галичица Охрид бр.442/2026 и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас број 442/2026, Директорот на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид на ден 12.08.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. За извршител на работното место Технички секретар - архивар во одделение за правни, економски и општи работи, со шифра НАП0102Г02001, се избира кандидатот со идентификациски код 74767F5, Билјана Маркоска, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 81.29.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" беше објавен јавен оглас бр.442/2026 од 22.10.2018 година за вработување на административен службеник во Јавната установа Национален парк Галичица Охрид на работно место Технички секретар - архивар во одделение за правни, економски и општи работи, со шифра НАП0102Г02001, 1 (еден) извршител.

Од страна на Агенцијата за администрација со Решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1653/6 и Решение за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1653/8 се формира комисија која ја спроведе постапката за вработување.

Горенаведената комисија спроведе административна селекција на ден 15.07.2026 година за што состацви Записник од извршена административна селекција за административен службеник, бр.10-1653/7. На ден 05.08.2026 година во 11.45 часот се спроведе испит за административен службеник и се состави Записник од спроведениот испит за административен службеник со бр.10-1653/10. На ден 10.08.2026 година се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и се состави записник со бр.10-1653/11.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Јавната установа Национален парк Галичица Охрид беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидатите по јавен оглас 442/2026, заведен под бр.10-1653/12 од 10.08.2026 година, со кој за работното место Технички секретар - архивар во одделение за правни, економски и општи работи, со шифра НАП0102Г02001, се предлага именуваниот кандидат со идентификациски код 74767F5

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администарција во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

Охрид, 12.08.2026

Јавна установа Национален парк Галичица
Директор
Фросе Ѓоргиевска

*Доставено до:*
- *Избраниот кандидат*
- *Одделение за правни економски и општи работи*
- *Архива*
- *Агенција за администрација*